МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2024**

# СОДРЖИНА


ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МАЗЗ....3

СОБРАНИЕ....5

УПРАВЕН ОДБОР....6

СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ....7

РАБОТИЛНИЦИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ....8

КОНФЕРЕНЦИИ....10

МЕМОРАНДУМИ , ДОГОВОРИ, СОРАБОТКИ....111

САЕМИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ....12

ИЗДАВАШТВО....14

ВЕБ СТРАНА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА....15

# ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА МАЗЗ

**ВИЗИЈА НА МАЗЗ:**

Визијата на Македонската асоцијација на земјоделски задруги да стане водечки бренд на здружување на земјоделците во Република Северна Македонија, која ќе има моќ да биде столб на активното задругарство и силен двигател на промените во земјоделието преку подигање на свеста во јавноста за признавање на земјоделските задруги како единствено средство за постигнување на дополнителна продуктивност и ефикасност во земјоделскиот сектор.

**МИСИЈА:**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги е регистриран сојуз на задруги кој постои да поддржи формирање на нови задруги, да ги обедини сите земјоделски задруги во државата и да им обезбеди зајакнување на управувачките капацитети на задругите, еднаков третман на нивните потреби и реална поддршка на пласман на нивните производи на пазарот во земјата и меѓународно. Македонската асоцијација на земјоделски задруги е гласот на земјоделецот во Република Северна Македонија и носител на промените во усогласувањето на легислативата со Европската Унија.

**ГЛАВНА ЦЕЛ:**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за остварување на нивните индивидуални и меѓусебни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на земјоделците и да работи на подобрување на условите на пазарот на производство. За остварување на оваа цел, МАЗЗ соработува со национални и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и со субјекти од областа на образованието и бизнисот, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, услови неопходни за развој во руралните области и квалитетот на живот на земјоделците. Општо земено, организацијата влијае на јавното мислење и, следејќи ја економската и политичката ситуација, навремено реагира презентирање на клучните прашања за развој на земјоделството до релевантните институции.

**ДЕЈСТВУВАЊЕ НА МАЗЗ**

Македонската асоцијација на земјоделски задруги – МАЗЗ ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за остварување на нивните индивидуални и меѓусебни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на земјоделците и да работи на подобрување на условите на пазарот на производство. За остварување на оваа цел, МАЗЗ соработува со национални и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и со субјекти од областа на образованието и бизнисот, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, услови неопходни за развој во руралните области и квалитетот на живот на земјоделците. Општо земено, организацијата влијае на јавното мислење и следејќи ја економската и политичката ситуација, навремено реагира презентирање на клучните прашања за развој на земјоделството до релевантните институции.

МАЗЗ дејствува на национално ниво согласно потребите и интересите на своите членови.

Со цел МАЗЗ да се издигне на ниво на релевантен национален претставник на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија, неопходно е:

- зголемување на бројот на зз кои членуваат во организацијата;
- обезбедување на репрезентативна секторска застапеност на зз и национална покриеност;
- ефикасен систем за комуникација со своето членство, идентификација на нивните потреби и проблеми
- функционален систем за собирање и анализа на релевантни податоци и информации, врз основа на кои ќе ја гради својата политика, своите ставови и акциони планови.

Ваквиот пристап ќе овозможи признавање и правно потврдување на МАЗЗ во општеството и пред институциите како релевантен претставник на земјоделските задруги, базирано на реални потреби на членовите, точни податоци и сеопфатни анализи.

Задругите во светот се присутни повеќе од 180 години. Принципите врз основа на кои тие се граделе, функционирале и се развивале, во текот на годините се менувале. Денес општо прифатени се седум принципи:

1. Доброволно и отворено членство
2. Демократско управување
3. Членарина и контрола на финансиските средства
4. Самостојност и независност
5. Образование, обука, информирање
6. Соработка меѓу членовите
7. Грижа за заедницата/општеството

**ЧЛЕНСТВО**

Членка на МАЗЗ може да биде секоја земјоделска задруга што го прифаќа Статутот, целите и задачите на организацијата. Статусот членови на МАЗЗ на рамноправна основа го имаат земјоделските задруги кои ја основале МАЗЗ и сите други земјоделски задруги кои пристапуваат кон МАЗЗ под услови и на начин уреден со Статут. Членовите на МАЗЗ се рамноправни и еднакви во остварувањето на правата и обврските, а МАЗЗ ја почитува нивната автономија и самостојност. Претставниците на земјоделските задруги избрани во Собранието на МАЗЗ можат да бидат бирани и можат да бираат во органите и телата на организацијата.

Земјоделски здруженија, незадружни организации и други правни и физички лица кои имаат интерес можат да стекнат статус на придружни членови на МАЗЗ. Придружните членови на МАЗЗ не можат да ја остваруваат функцијата на управување во МАЗЗ. Управниот одбор со посебен акт ги утврдува условите на стекнување на статусот на придружен член и видот и содржината на остварувањето на тој статус, како и предлогот за висината на членарината која треба да ја плаќаат за остварување на функцијата на МАЗЗ.

# ОРГАНОГРАМ НА МАЗЗ




Органи на МАЗЗ се: **Собрание, Управен одбор и Надзорен одбор.**

Собранието (највисок орган) работи на седници, најмалку еднаш годишно а седниците на Собранието ги свикува Претседателот на МАЗЗ по сопствена иницијатива, по барање на Управниот одбор на МАЗЗ или по писмено барање на една третина од членовите на здружението.

**Управниот одбор на МАЗЗ** (управувачки орган) се состои од 9 члена избрани од Собранието на МАЗЗ. За членови на Управниот одбор се бираат лица кои со својата работа и придонес ќе обезбедат и овозможат успешно функционирање и работа на МАЗЗ во реализација на задачите и целите. Претседателот на МАЗЗ е Претседател и на Управниот одбор и тоја ја претставува и застапува организацијата пред трети лица.

**Надзорниот одбор** (надзорен орган) се состои од 5 члена избрани од Собранието на МАЗЗ и истиот врши надзор на финансиското и материјално работење на МАЗЗ односно врши контрола на правилно и законито спроведување на одлуките и заклучоците донесени од страна на Собранието и Управниот одбор. Претседателот на Надзорниот одбор се избира од страна на Собранието, пред да отпочне со работа одборот за контрола.

# СОБРАНИЕ

Во рамките на 2023 година беше организирана една седница на Редовно Годишно Собрание на МАЗЗ.

На 28.04.2023 во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, се одржа седница на редовно Годишно Собрание на Македонската асоцијација на земјоделски задруги. На седницата на собрание, делегатите ги усвоија Годишниот наративен извештај на МАЗЗ за 2022 година, Годишниот финансиски извештај на МАЗЗ за 2022 година и Годишниот план на активности на МАЗЗ за 2023 година.

Исто така, на седницата присутни беа претставници на ФАС проектот кои ги презентираа активностите на проектот Модернизација на советодавните услуги во земјоделството, како и нацрт програмата за образование на возрасни – советник во земјоделство, ветеринарство и рибарство.

На седницата, се направи промена на позицијата Претседател на МАЗЗ, при што за претседател на организацијата беше назначен г-дин Менде Трајковски на местото на г-ѓа Сузана Димитриевска.

# УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на МАЗЗ ги надгледува, следи и извршува одлуките на Генералното собрание, во согласност со Статутот и одлуките донесени од Генералното собрание. Управниот одбор назначува и разрешува Претседател на Управен одбор и го следи спроведувањето на Годишниот план за работа на МАЗЗ. Управниот одбор на МАЗЗ во 2023 година одржа 12 состаноци од кои 9 беа со физичко присуство а 3 состаноци се одржаа онлајн. На состаноците на Управниот одбор на МАЗЗ се дискутираа теми поврзани со земјоделство и земјоделски задруги односно се градеа ставови за одредени државни мерки за поддршка на задругите за нивно непречено функционирање. Надзорниот одбор на МАЗЗ во 2023 година одржа 2 состанока со физичко присуство на кои се дискутираа теми поврзани со финансиското работење на организацијата.

**Во моментот членови на Управниот Одбор на МАЗЗ се:**

| | |
|---|---|
| 1. Мукрем Мехмеди | зз Рекански Фармер, с. Трница, Маврово Ростуше |
| 2. Лазар Боев | зз Петрушка река, с. Миравци, Гевгелија |
| 3. Дејан Петровски | зз Прва Лозарска Кооператива, Неготино |
| 4. Менде Трајковски | зз Нектар Бт, Битола |
| 5. Драги Памуков | зз Веге Фреш, с. Куклиш, Струмица |
| 6. Љубе Пампулевски | зз Крани, Крани, Ресен |

Претседател на Управниот одбор е г-дин Менде Трајковски.

**Во моментот членови на Надзорниот Одбор на МАЗЗ се:**

| | |
|---|---|
| 1. Ѓорѓи Андонов | зз Пчелин Рај, Струмица |
| 2. Моме Младеновски | зз Овчеполка, Крива Паланка |
| 3. Ристо Христов | зз Агро Куклиш, Струмица |
| 4. Ѓорѓи Хаџи Котаров | зз Органски Зрак, Струмица |

Претседател на Надзорниот одбор е г-дин Ѓорѓи Андонов.

# СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ИНСТИТУЦИИ И ДОНАТОРИ

За остварување на своите цели, МАЗЗ соработува со национални и меѓународни невладини организации, владини институции на локално и национално ниво, како и со субјекти од областа на образованието и бизнисот, кои придонесуваат и влијаат на условите за развој на одржливо и профитабилно земјоделско производство, услови неопходни за развој во руралните области и квалитетот на живот на фармерите.

Во однос на градење соработка, МАЗЗ е во фаза на воспоставување партнерства и мрежно поврзување со сродни домашни и организации од регионот заради взаемна соработка во спроведувањето на заедничките проекти од областа на земјоделските задруги; заеднички да ги идентификуваат потребите за образование и обука во земјоделскиот сектор и да соработуваат во нивната реализација; заеднички да промовираат воведување нови технологии на производство и примена на стандарди во земјоделството што ќе ја олеснат и модернизираат работата на фармерите; да работат заедно за да ги пронајдат потребните технички ресурси за подобрување на професионалното знаење и информации во земјоделскиот сектор, како и за подобрување на конкурентноста и профитабилноста на фармерите.

-Во рамките на проект на УСАИД за економски развој, управување и раст на претпријатијата (EDGE), Македонската асоцијација на земјоделски задруги заедно со Задружните Сојузи на Војводина и Јужна Србија во периодот од 20.05.2022-15.07.2023 година успешно го реализираа проектот **,,Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук.”**

Целна група на овој проект беа земјоделски задруги од Србија и Северна Македонија, а севкупната цел беше подобрување на производството и квалитетот на селектираното овошје и зеленчук (особено јаболка и пиперки), подобрено вмрежување и зголемена конкурентност преку стандардизирани производни шеми.

Целите кои произлегоа од спроведувањето на овој проект беа следните:

- Подобрени производни практики за избрани земјоделски производи како резултат на размена на искуства и процес на градење знаење (реализирани две студиски патувања за членови на задруги во Италија и Унгарија)
- Воспоставен систем за следење, информирање и поддршка на земјоделските задруги – трансфер на знаење (преку изработка, објавување и дисеминација на два производни прирачници) кои таргетираа голем број корисници – примарни производители
- Зголемена конкурентност преку поддршка на имплементација/сертификација на Global Gap за 12 корисници/земјоделски задруги од двете земји.

Општата цел на проектот беше да ги зголеми капацитетите и приходите за сите членови на задругата преку подобрување на нивната продуктивност и конкурентност на синџирот на вредност и зајакнување на пазарните врски за нивните производи. Вкупниот износ на проектот изнесуваше 123.250,00 американски долари од кои 51% беа контрибуција на МАЗЗ.

-Целосен назив на проектот: Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор-Конкурентни Земјоделски задруги.

Број на договор за грант: IPA/2022/441-096

Времетраење: 24 месеци

Почеток: 01.02.2023

Крај: 31.01.2025

Буџет: 500.000,00 евра (од кои 260.050,00 евра за грантови на целните групи) финансирани од страна на Европската Унија.

**Општа цел**:

Општата цел е подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и живеењето во руралните области преку прилагодени советодавни услуги и под-грантови шеми за повисок производствен капацитет, зголемен удел на пазарот и полесен пристап до финансии.

**Специфични цели**:

(1) Развој и промовирање на модел за соработка помеѓу земјоделците за воспоставување и/или зголемување на членството во земјоделските задруги од Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот регион и Областа Преспа

(2) Зголемување на производствениот капацитет и пазарното присуство на земјоделските задруги со етикети за квалитет и/или географска ознака на нивните производи;

(3) Подобрување на менаџментот на земјоделските задруги и земјоделците за полесен пристап до финансии и програми за поддршка.

ПРЕТСТАВНИЦИ НА МАЗЗ СЕ ЧЛЕНКИ ВО ПОСТОЈАНАТА СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ, ВО СОВЕТОТ ЗА МОНИТОРИНГ И КООРДИНАЦИЈА НА АСАРД И АКИС КАКО И ВО СОЈУЗОТ НА МЛАДИ ФАМЕРИ ПРИ МЗШВ.

## РАБОТИЛНИЦИ, ОБУКИ, СЕМИНАРИ

-Во периодот од 24-28.04.2023 година се реализираше четиридневна обука на тема “Иновативен менаџмент и имплементација на ознака за квалитет” во Петралица, Крива Паланка.
Главна цел на обуката беше тестирање и развивање на модели за традиционално производство на сирење од Овчеполска Праменка кои ќе помогнат во намалувањето на ризиците во овчарското производство, воведување на нова технологија како и стекнување на вештини за ефективно користење на модерните практики. Обуката се одржа во рамките на проектот "Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Конкурентни Земјоделски задруги”, финансиран од Европска Унија а имплементиран од Македонска асоцијација на земјоделските задруги и Здружение за бизниси и консултанти Креација. Претставници од Европска Унија и Македонска развојна фондација за претпријатија ја посетија фармата каде се одржа обуката и се запознаа со процедурата при производство на традиционално сирење од Овчеполска Праменка како производ со заштитена географска одредница. Се одржа и кратка церемонија на доделување сертификати на учесниците на обуката.

-На 06.06.2023 година, во присуство на претставници од Европската Унија и тимот на проектот, во хотел Континентал во Скопје се одржа првиот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот Конкурентни

земјоделски задруги. На првиот состанок присуствуваа претставници од локалните заедници во регионите што ги опфаќа проектот и претставници од државните институции и агенции од секторот земјоделство.

На состанокот беше воспоставен Насочувачкиот комитет на проектот, а беше избран и претседавачот на комитетот. Насочувачкиот комитет ќе има улога да го мониторира и промовира проектот и проектните активности и ќе се состанува квартално, со цел да го следи напредокот на проектот.

- Вториот состанок на Насочувачкиот комитет на проектот "Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор – Конкурентни Земјоделски задруги" се одржа на 13.09.2023 година во хотел Континентал, Скопје. Покрај членовите на тимот од двете партнерски организации МАЗЗ и ЗБК Креација, беа присутни и членови од Агенција за храна и ветеринарство, МАЗЗ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

-Проектот Конкурентни земјоделски задруги го отвори повикот за грантови за постоечки и новоформирани земјоделски задруги, од Северозападниот, Североисточниот, Југозападниот и Преспанскиот регион. Задругите регистрирани во овие четири региони можеа да аплицираат за грант до максимален износ од 37.000 евра. Затоа, одлучено беше да се организираат три информативни сесии за задругите од регионите опфатени со повикот на кои имаше можност да се презентираат детали од повикот и целосната документација.

Претставници на земјоделски задруги можеа да учествуваат на некоја од информативните сесии кои се одржаа на: 04.10.2023 во Општинската сала во Општина Крива Паланка; 05.10.2023 во Општинската сала во Општина Маврово Ростуше и 06.10.2023 во Општинската сала во Општина Ресен.

- Во рамките на повикот за грантови за постоечки и новоформирани земјоделски задруги, од Северозападниот, Североисточниот, Југозападниот и Преспанскиот регион во периодот од 19-20 октомври во хотел Карпош во Скопје се одржа обука за подготовка на Бизнис план, согласно барањата и критериумите од тековниот повик за грантови за земјоделски задруги 01/КЗЗ/2023. На обуката, задругите заинтересирани да поднесат апликација имаа можност детално, да ја разработат сопствената идеја за планираната инвестиција. Проектот обезбеди и менторска поддршка, чија улога е да ги води задругите низ процесот на апликација и подготовка на деловен план за реализација на инвестицијата.

Задругите регистрирани во овие четири региони можеа да аплицираат за грант до максимален износ од 37.000 евра. На располагање се 260.000 евра кои ќе бидат доделени на овој повик. Повикот за грантови е дел од активностите од ЕУ проектот "Конкурентни земјоделски задруги" кој го имплементира Македонската асоцијација на земјоделски задруги заедно со Здружението за бизниси и консултанти Креација. Вкупниот буџет на проектот е во износ од 500.000 евра, од кои 90% се обезбедени од Европската Унија преку ИПА програмата, а останатите 10% се директно учество на проектниот конзорциум.

## КОНФЕРЕНЦИИ

-Македонската асоцијација на земјоделски задруги веќе 11 години по ред, првата сабота од месец Јули, го одбележува Меѓународниот ден на задруги кој на истиот датум секоја година паралелно се одбележува во целиот свет. Во 2023 година се прослави 101-от Меѓународен ден на задруги. Слоганот објавен од Обединетите Нации гласи „Задругите - партнери за забрзан одржлив развој" иницира задругите ширум светот да покажат како задружниот начин на работа, инспириран од задружните вредности и принципи, придонесува за остварување на целите за одржлив развој како и препознавање на значајниот придонес на задругите во глобалната економија и нивната улога во градењето на поодржлива иднина.
Во рамките на одбележување на Меѓународниот ден на задруги на 1 јули во с. Крани, Ресен, претседателот на Македонската асоцијација на земјоделски задруги г-дин Менде Трајковски им го честита денот на сите присутни членки на земјоделски задруги со желби за успешна, просперитетна и бериќетна работа!

„Одговорот за силен и моќен земјоделец е во задругарството, и во овој правец треба да се движи македонскиот аграр. Поголемо и поквалитетно производство, сигурен пласман, повисока поддршка од државата и поголем профит, се само некои од придобивките на задружното здружување, беше истакнато на одбележувањето на 101-от Меѓународен ден на задруги во с.Крани, Ресен од страна на присутните говорници!
Ни беше чест и особено бевме благодарни за присуството на настанот од страна на претседателот на Задружниот Сојуз на Република Србија г-дин Никола Михаиловиќ, претставнците на Задружниот Сојуз на Јужна Србија, градоначалникот на општина Ресен г-дин Јован Тозиевски како и претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство г-дин Боро Каевски. Особена благодарност упативме и до членките на земјоделската задруга ,,Крани,, од с. Крани за покажаната несебична поддршка при организирање на настанот и за тоа што беа одлични домаќини. Благодарност и за руралните жени од Преспа кои преку голем број традиционално подготвени специјалитети не доближија до специфичниот и уникатен вкус на Преспанскиот регион што беше додадена вредност на настанот и особено уживање за присутните гости.
-Во рамките на Меѓународниот ден на задруги се одржа и регионална конференција за промоција на постигнатите резултати во рамките на проектот ,,Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук,, кој се спроведува преку проектот за Економски раст и развој на претпријатија финансиран од УСАИД 🇺🇸.
На конференцијата беше отворена дискусија за состојбата со задругите во регионот, предизвиците со кои се соочуваат задругите во Северна Македонија и Србија, правната легислатива која ги покрива задругите како и националните мерки, програмите и меѓународните фондови кои ги поддржуваат задругите во двете земји. Дополнително, во рамките на регионалната конференција беа промовирани достигнувањата и резултатите во проектот „Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук", како и Прирачник за подобрено производство и квалитет на јаболко, со оглед на тоа што целиот Преспански регион е претежно ориентиран кон производство на 🍎🍏🍎Задружните Сојузи од 🇷🇸и 🇲🇰ја искористија оваа прилика да постават динамика за договарање на следните состаноци поврзани со заеднички активности до крајот на годината, што особено не радува затоа што Проектниот советодавен одбор ќе продолжи со својата работа и по завршувањето на проектот. Ова беше една од поставените цели во проектот односно реализација на идејата за советодавниот одбор да стане одржлив и да продолжи со своите редовни состаноци и по спроведувањето на проектот.

## МЕМОРАНДУМИ, ДОГОВОРИ, СОРАБОТКИ

-Претставници на Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 15-ти март беа дел од регионален настан за задругарство која се одржа во Стопанската Комора во Ниш а беше во организација на Задружниот Сојуз на Јужна Србија. Целта на овој настан беше вмрежување на Задружни Сојузи од Србија, Бугарија и Северна Македонија како и воспоставување на регионална соработка за проширување на пазарните можности за извоз како и можности за меѓугранични заеднички соработки. Настанот беше поделен на два дела и тоа во првиот конференциски дел се дискутираше за поддршките кои секоја држава ги обезбедува за земјоделските задруги со тоа што секој од Задружните Сојузи имаше можност да реплицира позитивни примери за механизмите на стимулација на задругите во Бугарија, Србија и Северна Македонија!

Вториот дел беше повеќе изложбен каде земјоделски задруги од Јужна Србија и Северна Македонија како дел од проектот Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук финансиран од УСАИД имаа можност да го презентираат своето производство во најголем дел пиперки и јаболка но истовремено и да добијат нови идеи за производи со додадена вредност кои се атрактивни и конкуретни на Европските пазари! Воведување на географски ознаки за обележување на јаболка и пиперка беа посочени како врвен приоритет од страна на земјоделските задруги од Србија и од Северна Македонија затоа што користењето на заштитените географски називи за означување на производите кои потекнуваат од определено подрачје претставува моќно средство за маркетинг како и големо економско влијание за производителите. Со тоа се дава јасна порака на потрошувачот за вистинското потекло на производот и за посебниот квалитет и својства кои ги има тој производ, а кои се резултат на природните услови на тоа подрачје или на традиционалните знаења кои ги имаат луѓето од тоа подрачје.

-Во организација на Germanwatch- Германска невладина организација која работи за глобална климатска правда, Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од дводневна студиска посета која Germanwatch ја реализираше во Македонија заедно со регионален конзорциум составен д KSF-Germany, Ekosvest-NRM и BOS-SRB, на тема Трансформација на енергија и декарбонизација во Западен Балкан.

На 2 октомври, конзорциумот во рамките на студиско патување ја посети и земјоделската задруга Бојане во општина Сарај која се занимава со производство на трпезно грозје се со цел да се види колку земјоделските задруги потенцијално би можеле да бидат заинтересирани за проширување на нивната побарувачка за енергија на обновливи извори и какви се можностите за нивна трансформација во енергетски ефикасни задруги. МАЗЗ пак дополнително даде свој придонес со презентација за увид во статус кво состојбата на агро-задругите во Северна Македонија а исто така го елаборираше и ставот за постепено вклучување на обновливите извори на енергија во земјоделскиот сектор. Крајната цел на проекот е да се поврзат секторите кои стандардно не соработуваат, но каде синергиите би можеле лесно да се развијат!

- Делегација составена од претставници на Министерството за земјоделство на Косово на 26-ти септември беа во посета на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и нејзините членки ЗЗ Петрушка Река, Миравци, ЗЗ ПЛК, Неготино и ЗЗ Веге Фреш, Куклиш, Струмица. Целта на посетата беше претставниците на Косовското Министерство за земјоделство да се доближат до сегментите на задружното организирање во Северна Македонија, вклучувајќи информации за управувачките структури, сопственичките структури,

шемите за поддршка, предизвици и идни планови. Исто така, претставниците на Министерство за земјоделство сакаа да дознаат повеќе за тоа што прави Македонската асоцијација на земјоделски задруги за поддршка на задругите во земјата.

- Делегација составена од претставници на Алијансата на земјоделски задруги на Р. Турција на 23-ти септември беа во посета на Македонската асоцијација на земјоделски задруги во Скопје. Целта на посетата беше претставниците на Турската Алијанса на земјоделски задруги од Трабзон да се доближат до сегментите на задружното организирање во Северна Македонија, вклучувајќи информации за управувачките структури, сопственичките структури, шемите за поддршка, предизвици и идни планови како и можности за заедничка соработка.

- Претставници на зз Нектар-Бт и ЗЗ Крани беа дел од проектот Мисијата „Договор за почвата на Европа" во чии рамки беше создадена заедничка посветеност и силна заедница на практика посветена на здравјето на почвата. Целта на мисијата беше да создаде "100 живи лаборатории" и "светилници" за да ја водат транзицијата кон здрави почви. Ова ќе придонесе за поттикнување на обновувањето на здравјето на почвата во Европа преку поврзување на општественото дејствување на почвите со истражување, мониторинг на почвите, напори за комуникација и ангажирање, како и политики засновани на докази.

Целта на мисијата е поткрепена со осум специфични цели, и тоа: намалување на опустинувањето, (2) зачувување на резервите на органски јаглерод во почвата, запирање на компактирање на почвата и зголемување на употребата на урбаните почви, намалување на загадувањето на почвата и подобрување на реставрацијата на почвата, спречување на ерозија, подобрување на структурата на почвата за подобрување на биодиверзитетот на почвата, намалување на глобалното загадување предизвикано од почвата на ЕУ и зголемување на знаењето за почвата во општеството. Како дел од неколку стратешки политики на ЕУ, Мисијата Почва придонесува за постигнување на целите на ЕУ "Green Deal" и на "Sustainable Development Goals" на ОН. Мисијата, исто така, ја препознава важноста на меѓународните иницијативи кои мобилизираат акција за подобрување на здравјето на почвата на глобално ниво.

## САЕМСКИ И СТУДИСКИ ПОСЕТИ

-Претставници на 7 земјоделски задруги –производители на пиперка на Македонското асоцијација на земјоделски задруги и Задружните сојузи на Војводина и Јужна Србија во периодот од 22-24 јануари 2023 година беа дел од студиската посета во Сзентес, Унгарија, организирана во рамките на EDGE. проект: Подобрено производство и квалитет на селектирано овошје и зеленчук финансиран од УСАИД. Во рамките на посетата учесниците имаа можност да се запознаат со процесот на производство на пиперка во Унгарија со посебен акцент на производните и постбербените активности, односно процесот на пакување и продажба.

Една од посетите беше реализирана во Арпад-Аграр ЗРТ лоциран во Сентеш како една од меѓународно признатите земјоделски компании основана пред 50 години. Компанијата Árpád е една од најголемите компании за одгледување зеленчук во Унгарија и нивните производи може да се најдат во многу делови на Европа. Раноградинарството игра доминантна улога во економијата на Árpád-Agrár Ltd. Нивните градинарски активности се одвиваат на околу 39,6 хектари, а најважниот зеленчук кој се произведува е: слатка бела пиперка, домати, калифорниска пиперка и лути пиперки. Значајни се и расадниците кои се произведуваат на 5,5 хектари. Особено значајна беше посетата на Délalföldi Kertészek Szövetkezete, исто така, како најголема земјоделска задруга за производство на пиперка во Унгарија со 500 членови

(производители) и 53.000 тони свеж зеленчук на годишно ниво на речиси 50 хектари стакленици и 100 хектари оранжерии.

-Во периодот од 19-21 мај, четиричлена делегација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од 90-от по ред Меѓународен саем за земјоделство во Нови Сад кој претставува најголем саемски настан во Р. Србија и еден од најголемите во Европа во областа на земјоделството. Саемот ги обединува најважните компании од агроиндустријата, земјоделското производство, механизацијата, како и најдобрите во сточарството и е неизбежно место за земјоделците и професионалната публика која е заинтересирана за земјоделството. Со оглед на долгогодишната традиција на оддржување, саемот стана заштитен знак на Нови Сад, како и престижно место за презентација и развој на агробизнисот. Земја партнер на овогодинешниот саем беше Италија а истиот официјално беше отворен од страна на српската министерка и италијанскиот министер за земјоделство шумарство и водостопанство.
Традиционално, Задружниот сојуз на Војводина беше домаќин на делегации на Задружни сојузи од регионот во рамките на одржувањето и зајакнувањето на меѓусебната соработка и поддршка. Одржана беше и тркалезна маса на тема „Задругите во регионот – размена на искуства“ на која учествуваа претставници на Задружни сојузи од Војводина, Србија, Република Српска и Хрватска со цел поврзување на задругите на регионално ниво, размена на искуства и воспоставување деловна соработка.

-Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од големиот настан „Вкуси ја традицијата” – Втор по ред национален саем за храна и пијалоци кој се одржа на 07.10.2023 година (сабота) во Градскиот парк во Скопје. Станува збор за настан во организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на кој се претставија голем број на производители, земјоделски задруги – членки на МАЗЗ и локални здруженија, кои заеднички ги презентираа македонското земјоделство и гастрономија. На штандот на Здружение Македонска асоцијација на земјоделските задруги беа изложени производи од своите членки за кои имаше огромен интерес од страна на посетителите меѓу кои беа и претставници на амбасади во Република Северна Македонија, претставници на меѓународни проекти и донатори во државата. МАЗЗ како најголема чадор организација и во иднина активно ќе работи на промоција за здружување на фармерите, семејните земјоделски стопанства и другите облици со цел остварување на заедничките интереси за развојно, профитабилно земјоделство кое овозможува достоинствен живот на фармерите.

-Во периодот од 18-20 декември, 2023 година во организација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше спроведена активност – студиско патување на 10 претставници на земјоделски задруги – членки на МАЗЗ во Болоња, Република Италија. Оваа активност беше реализирана со поддршка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Договорот склучен помеѓу Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Националната рурална Мрежа а со цел поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и оддржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони!

Активноста имаше за цел студиска посета во регионот Емилија Романа, Р. Италија во чии рамки 10 претставници на земјоделски задруги ќе имаат можност да го посетат Легакооп - здружение кое ги претставува задругите, агро-бизнисите и телата во Болоња кои припаѓаат на Националната Сојуз на задруги и заедници во Италија и е провинциски огранок на Легакооп Емилија-Романа. Многу важно е да

се спомене и логистичката поддршка на Италијанскиот амбасада во Р. Северна Македонија и амбасадорот Н.Е Андреа Силвестри помогнаа за воспоставување на првична и стабилна комуникација помеѓу МАЗЗ и предвидените италијански задруги и агро компании за посета. Претставниците на земјоделски задруги – 10 членки на МАЗЗ кои беа дел од студиското патување во Италија опфаќаа 5 плански региони во Р. Северна Македонија и тоа: ЗЗ Нектар Бт, Љубојно, Ресен, ЗЗ Крани, Крани, Ресен, ЗЗ ПЛК, Неготино, ЗЗ Рекански фармер, Маврово Ростуше, ЗЗ Пчелин Рај, Струмица, ЗЗ Органски зрак, Струмица, ЗЗ Веге Фреш, Куклиш, Струмица, ЗЗ Петрушка Река, Миравци, Гевгелија, ЗЗ Агро Куклиш, Куклиш, Струмица и ЗЗ Агро Кооператива, Муртино, Струмица.

## ИЗДАВАШТВО

Македонската асоцијација на земјоделски задруги во рамките на проектот за Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук кој се реализираше преку Economic Development, Governance and Enterprise Growth Project финансиски поддржан од страна на USAID, изработи 2 сеопфатни прирачника за подобрување на производството и квалитетот на јаболка и пиперка.

Прирачниците се дизајнирани за да се:

- Помогне на фармерите подобро да ги разберат и усвојат еколошките практики,
- Обезбедат практични насоки за одржливи методи на земјоделско производство,
- Постават основни стандарди за квалитет за производство на јаболко и пиперка.

За фармерите, овие прирачници нудат вредни совети за приспособување на нивните практики за да одговараат на задружниот модел кој е истакнат како ефикасен начин за брзо прилагодување на методите за унапредено и конкуретно производството на пиперка и јаболко.

Прирачниците се достапни за преземање на повеќе јазици, вклучувајќи македонски и српски: https://shorturl.at/lNS69

На 1-ви Јули во с. Крани, Ресен, во рамките на регионалната конференција за одбележување на Меѓународниот ден на задруги беше промовиран и Прирачникот за подобрено производство и квалитет на јаболко, со оглед на тоа што целиот Преспански регион е претежно ориентиран кон производство на јаболка. Автор на Прирачникот за подобрено производство и квалитет на јаболка е етаблираниот професор и актуелен директор на Земјоделскиот институт во Скопје, проф. Виктор Ѓамовски.

На 8-ми Ноември во х.Сириус во Струмица беше промовиран Прирачникот за подобрено производство и квалитет на пиперка кој беше изработен во рамките на проектот за Подобрено производство и квалитет на одбрано овошје и зеленчук кој се реализираше преку Economic Development, Governance and Enterprise Growth Project а финансиски поддржан од страна на USAID. Автор на Прирачникот за подобрено производство и квалитет на пиперка е реномираниот професор на Земјоделскиот факултет во Штип г-дин Душан Спасов (Катедра за заштита на растенијата и животната средина)

## ВЕБ-СТРАНА НА МАЗЗ

Интернет-страницата на МАЗЗ, www.mazz.mk, и понатаму останува најдобрата веб-страна, каде што сите лица можат да читаат информации за земјоделството. Во 2023 година реализирани се 10,165 посети од кои 6,649 се нови посетители, 135,810 отворања на страни, напишани се 50 текстови со вкупна тежина од 13.47 GB, и направени се  приближно 277,161 симнувања.




| Month | Unique visitors | Number of visits | Pages | Hits | Bandwidth |
|---|---|---|---|---|---|
| Jan 2023 | 755 | 965 | 13,571 | 25,875 | 1.31 GB |
| Feb 2023 | 645 | 839 | 12,126 | 24,580 | 1.31 GB |
| Mar 2023 | 396 | 701 | 9,278 | 21,000 | 1.23 GB |
| Apr 2023 | 555 | 830 | 4,158 | 10,206 | 656.86 MB |
| May 2023 | 612 | 874 | 3,262 | 7,696 | 528.88 MB |
| Jun 2023 | 206 | 446 | 1,718 | 6,654 | 485.79 MB |
| Jul 2023 | 743 | 1,302 | 23,864 | 31,627 | 3.07 GB |
| Aug 2023 | 324 | 485 | 7,251 | 10,430 | 406.63 MB |
| Sep 2023 | 603 | 819 | 10,510 | 30,832 | 1.01 GB |
| Oct 2023 | 539 | 738 | 15,872 | 36,360 | 1.14 GB |
| Nov 2023 | 580 | 745 | 14,257 | 34,880 | 1.08 GB |
| Dec 2023 | 691 | 1,421 | 19,943 | 37,021 | 1.29 GB |
| Total | 6,649 | 10,165 | 135,810 | 277,161 | 13.47 GB |

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Македонската асоцијација на земјоделски задруги преку брифинзи, изјави, соопштенија за медиуми, интервјуа, како и користење на други медиумски алатки, во текот на 2023 година сеопфатно ги презентираше сите свои ставови и активности. Ваквиот начин резултираше со поголемо лобирање и застапување на интересите на земјоделските задруги, со цел МАЗЗ да стане подемократска и потранспарентна организација. Во текот на 2023 година реализирани се повеќе од 30 медиумски преставувања од страна на Претседателот на организацијата и членовите на Управниот одбор и тоа најчесто на земјоделската емисија АГРАР на МТВ и БРАЗДИ на КАНАЛ 5.

Дополнително, МАЗЗ како транспарентна организација, се труди секогаш навремено да го информира своето членство за сите активности и случувања во организацијата преку веб страната на организацијата и преку својот профил на социјалните мрежи (Фејсбук).